Бесплатен примерок

мај, 2021

# Скопје
гласило



# ВЕЛО Е КОГА ИМА СÈ

**6 стр.**
Уредени зелени скверови ги заменија запуштените јавни површини

**10 стр.**
Два нови кружни тека, подвозници и надвозници – се решава метежот кај Момин поток

**17 стр.**
Кејот прераснува во широко шеталиште со многу зеленило

**20 стр.**
Авантуристи од Зоолошката

### ГРАД СКОПЈЕ ПОСВЕТЕНО РАБОТИ НА ПРОЕКТОТ ЗА АВТОБУСКО МЕТРО

# БРТ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОЗЕЛЕНО, ПОПА




Градот Скопје ќе се придружи на семејството успешни градови со брз автобуски транспорт (Bus Rapid Transport) или БРТ коридори. Со популарно нареченото „автобуско метро“ или „трамвај на тркала“ ќе се одвои посебна траса за брзи автобуси, која ќе биде физички издвоена од преостанатиот сообраќај. Бидејќи проектот ќе придонесе и за намалување на аерозагадувањето, тој е дел од визијата за Скопје како „Зелен град“.

Проектот БРТ ќе опфати имплементација на две линии за брз автобуски транспорт - Линија 1 (исток – запад, од Ѓорче Петров преку Центар до Ново Лисиче) од 12,81 км и 21 автобуска станица, како и Линија 2 (север – југ, од железничката станица на булеварот Босна и Херцеговина до булеварот Борис Трајковски) во должина од 10,4 км со 20 автобуски станици.

- Брзиот автобуски транспорт двојно го намалува времето на патување, а фреквентноста на автобусите од 3-4 минути за време на шпицот оневозможува сообраќаен метеж. Станиците на исто ниво со автобусите со рамен под овозможуваат брзо и лесно качување и слегување и целосна пристапност за патници со колички и со попреченост. Сообраќајната предност на автобусите им овозможува лесно и брзо движење низ градските сообраќајници и крстосници. Честотата, пристапноста, безбедноста, удобноста и брзината се показатели за квалитетни транспортни услуги кои ги охрабруваат граѓаните да го користат системот за јавен превоз наместо приватните возила – ги објаснува придобивките на БРТ градоначалникот Петре Шилегов.

Тој укажува дека зголемениот број луѓе коишто ќе користат јавен превоз ќе значи намалување на загадувањето на воздухот и подобрување на здравјето на граѓаните, зашто брзиот автобуски превоз со ефикасни горива доведува до намалување на емисиите на стакленички гасови, емисиите на честички и нивото на бучава.

- Овој систем е воведен во стотици градови ширум светот. БРТ значи ем побрз, поефикасен и побезбеден автобуски превоз, ем почиста средина и поквалитетен живот во Скопје – нагласува Шилегов.

Автобусите од БРТ системот ќе бидат со хибриден погон на гас и електрич-





# МЕТНО И ПОХУМАНО СКОПЈЕ

на енергија и со должина од 18 метри, а целиот систем е поставен така што во иднина ќе може да прими и 24 метарски возила.
Со потпишувањето на договорот за заем меѓу Град Скопје, Министерството за финансии во Владата на Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој на 21.04.2021 година и официјално почна постапката за изведба на БРТ системот. Договорот за заем го потпишаа градоначалникот Петре Шилегов, министерот за финансии, Фатмир Бесими и директорот на канцеларијата на ЕБОР во Скопје, Анди Аранитаси, а на










потпишувањето на овој важен документ присуствуваше и министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски.
- Важно е да се нагласи дека во рамките на ЕБРД, овој проект е заведен како зелен проект, се финансира во рамките на мрежата на зелени градови, во која Скопје е член од 2019 година. Притоа, станува збор за еден од клучните проекти кои се дел од Акцискиот план за зелен град што го подготвивме со помош на ЕБРД – додава Шилегов.
За реализација на овој проект Европската банка за обнова и развој ќе додели заем од 70 милиони евра.

### АВТОБУСИТЕ НА МАН ГО ТРАНСФОРМИРАА ПРЕВОЗОТ

# 33 НОВИ ЕКОАВТОБУСИ

## ЗА ПОЕФИКАСЕН И ПОЧИСТ ЈАВЕН ТРАНСПОРТ

Триесет и три екоавтобуси на гас произведени од германската компанија MAN веќе 10 месеци се дел од возниот парк на ЈСП и возат по градските улици на линиите 2, 5, 15 и 57. Станува збор за 33 еколошки автобуси, од кои 21 нископоден автобус со поединечен капацитет од 85 патници и 12 зглобни нископодни автобуси со поединечен капацитет од 149 патници. Во ова издание, преку визуелна презентација, се потсетуваме на главните придобивки од воведувањето ваков тип јавен превоз во Скопје.
Значајно е да се нагласи дека новите автобуси се енергетско ефикасни, во согласност со последните технолошки трендови во оваа индустрија и ги задоволуваат стандардите за емисија на Euro 6. Овој тип автобуси во Германија ја поседува ознаката „Син ангел“ бидејќи емитуваат значително помалку CO2 и речиси воопшто не го загадуваат воздухот. Во споредба со претходните дизел автобуси, новите возила на МАН имаат поголем вкупен капацитет на патници, значително помала потрошувачка по автобус со која годишната заштеда на гориво изнесува дури 25.000 евра од еден автобус, и најважно од се - намалување за 700% на загадувањето (ПМ честички).



# ВЕЛО Е КОГА ИМА СÈ

## *Скопје – град пример за развој на велосипедизмот во регионот*

Скопје е град со совршена географска поставеност за возење велосипед, со просечна годишна температура од 13 Целзиусови степени. Токму затоа, Градот Скопје забрзано ја развива велосипедската мрежа за да им овозможи на граѓаните со велосипед да стигнат до саканата дестинација, лесно и безбедно.

Во изминативе три години се изградени, обновени и обележани над 40 километри велопатеки и велоленти, во сите делови на градот. Скопје веќе има над 100 километри велосипедска мрежа. Целиот Голем ринг е опкружен со велопатеки. Мрежата на велосипедски патеки ја проширивме до Маџари на исток и обиколницата на север. Притоа, сите нови булевари што се градат во Скопје добиваат обележани велопатеки. За велосипедистите и пешаците ослободивме голем број јавни површини кои станаа зелени, безбедни и пријатни зони за возење велосипед и за пешачење.

За скоро четири години Градот Скопје додели субвенции на граѓаните за набавка на околу 13.000 велосипеди и околу 750 електрични тротинети. За да се овозможи непречено движење со велосипед Градот Скопје отстрани 240 билборди од градските велопатеки и тротоари.

Пофалба за брзиот развој на велосипедската мрежа во Скопје пролетва стигна и од позната граѓанска иницијатива од Софија, Бугарија.















# УРЕДЕНИ ЗЕЛЕНИ СКВЕРОВИ ГИ ЗАМЕНИ

Постојни запуштени јавни зелени површини се претвораат во уредени зелени скверови како дел од иницијативата на Град Скопје и Центарот за иновации Скопје Лаб, а во соработка со УНДП, во рамките на проектот „Отпорно Скопје". Четири зелени скверови се веќе завршени, а интензивно се работи на уредување на уште една локација. Значајно е да се нагласи дека граѓаните беа директно вклучени во процесот на редизајн на овие јавни површини, не само во изборот на локациите туку и во идентификување на нивните потреби на секоја од овие локации поединечно. Преку онлајн прашалници, теренски интервјуа, опсервација и фото документација се идентификуваа потребите на граѓаните кои живеат на локациите, гравитираат или поминуваат низ нив и се мапираа нивните дневни и ноќни активности. Нашата цел е да се обнови зеленилото, а просторот да се уреди и на граѓаните да им се обезбеди пријатно место за одмор, релаксација и дружење.



## ВО КАРПОШ 2

На аголот меѓу булеварот Илинден и улицата Никола Тесла, до гимназијата „Орце Николов", уреден е сквер со повеќе од 36 нови садници од 6 различни листопадни и зимзелени видови.
Во скверот е оформено детско катче со различни реквизити за игра и патеки, а поставени се и клупи, чешмичка за вода, паркинг за велосипеди и ново ЛЕД осветлување. Поставена е и мини библиотека, за сите вљубеници во пишаниот збор.

## ВО АЕРОДРОМ

Градот Скопје минатиот месец целосно ја преуреди зелената запуштена површина од 2.000 квадратни метри на крстосницата меѓу булеварот Јане Сандански и улицата Владимир Комаров, во општина Аеродром. На овој простор, во целост е обновено зеленилото и се засадени 350 нови садници од кои 90 се високо стеблести, а преостанатите околу 250 се ниско стеблести садници.
Патеките во скверот се облагородени со дрвени елементи наменети за децата кои ќе го користат овој простор да можат да ги развиваат своите моторички способности. Има и патеки кои се наменети за родители со колички за мали деца и за лица со посебни потреби.
На скверот се поставени 14 шаховски табли, стилизирана урбана опрема - клупи, корпи за цебен отпад и други придружни елементи и ЛЕД осветлување.





# ЈА ЗАПУШТЕНИТЕ ЈАВНИ ПОВРШИНИ

## КАЈ ПОЛИКЛИНИКАТА „ИДАДИЈА“

На јавната парковска површина која е лоцирана пред и зад амбулантата „Идадија“ Град Скопје уреди нов зелен сквер. Преработени се целосно површините на предниот и на задниот парк со тоа што е оставено само високото зеленило кое се вклопи во новата концепција на уредување на просторот. Делот на паркот кој е лоциран пред амбулантата е уреден за максимално да се искористи како место за одмор, релаксација и контакти, а задниот парк е детско игралиште со опрема која може да ја користат сите деца над три години.





## СКВЕР „ОСТРОВО“

Редизајнирана е и постојната зелена површина од околу 1.000 квадратни метри на крстосницата меѓу булеварот Јане Сандански и улицата Владимир Комаров во општина Аеродром, кај „Палма“.
На оваа површина, на барање на локалните жители, е поставен модерен летниковец, вметнат меѓу постојното високо зеленило, кружни клупи, патеки и нова фонтана за вода. На овој зелен сквер во тек е засадувањето на ново зеленило. На летниковецот е поставено иновативно осветлување.

## ВО ТАФТАЛИЏЕ

Нов зелен сквер е уреден и на јавната површина пред Противпожарната станица во Тафталиџе. На овој претходно запуштен простор се засадени стотина нови високи и ниски садници, поставена е нова урбана опрема (клупи и корпи за отпадоци) и ново осветлување.
На дел од оваа површина е формирано инклузивно детско игралиште, со специјална гумирана подлога на целата површина, заради безбедност на децата што ќе го користат.



Високото и ниското зеленило е донација од Макпетрол АД Скопје, а инклузивното игралиште е донација на Државната видеолотарија, компании со докажана општествена одговорност.

### ТРАЕН ВЛОГ НА ГРАД СКОПЈЕ ВО ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

# РАЗЗЕЛЕНУВААТ ПОКРИВИТЕ НА КУЛТНИ ОБЈЕКТИ ВО СКОПЈЕ

Покривите на познатиот Дом на градежници и на трговскиот центар „Мавровка“ се претвораат во зелени оази со многу зеленило и уредени катчиња за одмор и релаксација на граѓаните. Зелените покриви се една од мерките за намалување на таканаречените „урбани топлотни острови“ во Скопје. Тие ќе се трансформираат во „зелени острови“ кои ќе ја намалуваат температурата, ќе ја контролираат влажноста и ќе го подобруваат квалитетот на воздухот. Со нив Скопје добива еден нов и модерен лик со многу зелени површини и урбани содржини што не носат чекор поблиску до целта – нашиот град конечно да стане зелена престолнина со која сите ќе се гордееме.





## ДОМ НА ГРАДЕЖНИЦИ – УШТЕ ЕДНА ЗЕЛЕНА ОАЗА ВО ЦЕНТАРОТ

Градот Скопје во соработка со УНДП го уреди вториот зелен покрив во строгиот центар на градот - покривот на Домот на културата „Кочо Рацин“, попознат како Домот на градежници. Според проектот, на површина од речиси 400 квадратни метри се засадени над 30 различни видови садници – дрвја, средно и ниско зеленило кое е функционално распоредено, има тревна површина и вертикално зеленило на ѕидовите, а поставени се и клупи и канделабри.

- По фантастичното искуство што го имавме со отворањето на зелениот покрив на Градскиот трговски центар ова е втора ваква јавна површина што ја ставаме на користење на граѓаните. Таа се наоѓа во Малиот ринг, онаму каде што и тоа како ни е потребно зеленило. Постарите генерации скопјани се сеќаваат дека токму на овој простор се наоѓало летно кино, а граѓаните од околината можеле да уживаат во кино-претстави. Тоа е всушност и идејата на Градот, на оваа површина во текот на летниот период да организираме мини отворено кино, таканаречено „немо“ кино во кое со слушалки ќе се гледа претставата, за да не пречиме на соседството. Ем ќе ги вратиме спомените, ем ќе го облагородиме овој простор – вели градоначалникот Петре Шилегов.

Проектот за изградба за зелениот покрив на Домот на градежници е финансиран од буџетот на Град Скопје во вредност од околу 18,5 милиони денари, а имплементиран е во соработка и со поддршка на УНДП.

Запуштениот и руиниран покрив на Домот на градежници во Стратегијата за климатски промени на проектот „Отпорно Скопје“ беше препознаен како еден од неколкуте „урбани топлотни острови“ кои влијаат на зголемување на просечната температура во градот. Согласно со податоците од релевантни истражувања температурите на зелениот покрив можат да бидат пониски од 16 до 22 Целзиусови степени споредено со конвенционалните покриви. Со тоа, температурите на околината можат да се намалат до 3 Целзиусови степени, при што потрошувачката на електрична енергија потребна за ладење на овие објекти би се намалила за 0,7%. Освен зелениот покрив, од неодамна објектот на Домот на градежници го краси и нов мурал - подарок од Кралството Холандија за Град Скопје.

# „МАВРОВКА“ – НАЈГОЛЕМ ЗЕЛЕН ПОКРИВ ВО СКОПЈЕ

Во близина на најфреквентната раскрсница во нашиот град, на трговскиот центар „Мавровка“, се уредува најголемиот зелен покрив во Скопје. На уредувањето на оваа зелена оаза работат Градот Скопје во соработка со Општина Чаир и Здружението на корисниците на деловен простор во деловниот центар „Мавровка“, а според проект од реномираниот и наградуван архитект, Бесиан Мехмети.



На овој простор се планира да бидат засадени над 40 различни видови садници на вкупна површина од 4.000 квадратни метри. Скопје во услови на пандемија од коронавирусот ќе добие уште едно прекрасно место на кое ќе можат да се одвиваат културни настани на отворено со почитување на здравствените протоколи. Дополнително, овој зелен покрив се наоѓа во непосредна близина на комплексот факултети при УКИМ и Националната универзитетска библиотека што го прави уште една зелена локација на која студентите ќе можат да го користат своето слободно време во паузите.




За реализацијата на проектот Град Скопје потпиша меморандум за соработка со Здружението на корисниците на деловен простор во „Мавровка“ и Општина Чаир, а проектот е донација од Здружението.



### УШТЕ ЕДЕН КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ НА ГРАД СКОПЈЕ

# ДВА НОВИ КРУЖНИ ТЕКА, ПОДВОЗНИЦИ И НАДВОЗНИЦИ – СЕ РЕШАВА МЕТЕЖОТ КАЈ МОМИН ПОТОК

Градот Скопје почна уште еден голем проект за жителите на Скопје – изведбата на клучката кај Момин поток која е една од двете главни рути што ги поврзуваат северниот и јужниот дел на градот. Реализацијата на овој проект ќе значи брза и безбедна сообраќајна врска меѓу општините Карпош, Чаир, Центар и Бутел и ќе овозможи рамномерен развој на северниот дел од градот.

- Станува збор за огромен проект во вкупна вредност од околу 18 милиони евра, градежните работи ќе ги започнеме во текот на јуни, а изведбата треба да трае 2 до 2,5 години. Според својата комплексност, станува збор за убедливо најсложениот сообраќаен проект којшто Град Скопје го има изработено од 1965 година, па наваму. Со цел да се намали сообраќајниот метеж на овој потег, се предвидува изградба на 2 кружни тека, првиот треба да ја замени крстосницата кај булеварот 8.Септември и улицата Скупи и вториот кој треба да ја замени крстосницата на булеварот Никола Карев и патот кон Визбегово, обиколницата и косовската граница. Од вториот кружен тек улицата продолжува до крстосницата со булевар Словенија каде што се поврзува со булеварот Словенија и со булеварот Босна и Херцеговина. Оваа сообраќајница е една од клучните градски сообраќајници бидејќи дневно овде поминуваат 25.000 возила и метежот е голем – објаснува градоначалникот Петре Шилегов.

Вкупната должина на улицата меѓу двата кружни тека и до пред раскрсницата со булевар Словенија изнесува околу 1.600 метри. По должина на целата сообраќајница ќе биде поставено најсовремено ЛЕД булеварско осветлување, и ќе се изградат пешачки и велосипедски патеки од двете страни на коловозот. Проектот предвидува и изградба на 2 моста на реката Серава која тече под оваа сообраќајница.

- Во северниот дел од градот ги завршивме булеварите Христијан Тодоровски Карпош и Босна и Херцеговина, а при крај е булеварот Никола Карев. Ова е во целосна согласност со визијата што јас ја имам за нашиот град – рамномерно развиен град со инфраструктура поволна за сите граѓани – вели Шилегов.



# ПРОДОЛЖУВА РАЗВОЈОТ НА УЛИЧНАТА МРЕЖА




Значајно е да се нагласи дека во текот на есенската градежна офанзива на Град Скопје, пред крајот на 2020 година, беа обновени многубројни сообраќајници во повеќе скопски општини, со посебен акцент на реконструкцијата на источниот влез во градот. Сите градежни акции се завршија во рекордно кратки рокови, од 10 до 30 дена.

Така, пред крајот на 2020 година Скопје доби уште еден модерен булевар – завршен е првиот дел од новопроектираниот булевар Босна и Херцеговина, кој прерасна од улица со две ленти во современо булеварско решение со шест сообраќајни ленти и комплетна инфраструктура. Булеварот се протега од улицата Македонско-косовска бригада до раскрсницата со улиците Бутелска и Ќемал Сејфула, на должина од околу 1.300 метри, има две велосипедски и две пешачки патеки, средишно и странично зеленило. Деновиве беше завршена изградбата и на втората делница од овој булевар, од крстосницата со булеварот Христијан Тодоровски Карпош до крстосницата со улицата Ќемал Сејфула. Со тоа, вкупната должина на новопроектираниот булевар Босна и Херцеговина сега изнесува околу 1.700 метри. Тој ги поврзува граѓаните на Шуто Оризари, Карпош, Чаир, Бутел и Железара со преостанатиот дел од градот и заедно со булеварот Христијан Тодоровски Карпош претставува брз излез на обиколницата.

За само 30 дена со забрзана динамика и денонoќно работење, во октомври минатата година беше реконструиран булеварот Александар Македонски – источниот влез во Скопје во двете насоки, во должина од околу 5,3 километри.

Втората фаза од изградбата и реконструкцијата на булеварот Никола Карев, на потегот од крстосницата кај касарната „Илинден“ до Момин поток е во тек. Се работи на траса долга околу еден километар, а покрај реконструкцијата на постојниот коловоз предвидено е и негово проширување на 4 сообраќајни ленти, разделно зеленило и мешани пешачко-велосипедски патеки од двете страни. Се предвидува изведба на нова атмосферска канализација и потпорен ѕид во должина од 690 метри.


Булеварот Никола Карев


Булеварот Никола Карев

# ДЕЛНИЦИ КОИ ДОБИЈА НОВ ЛИК ВО ЕСЕНСКАТА ГРАДЕЖНА ОФАНЗИВА 2020 ГОДИНА

| УЛИЦИ И БУЛЕВАРИ | НАПРАВЕНО Е: |
|---|---|
| Булевар 8.Септември, општина Карпош | - реконструкција на коловозот,<br>- од булевар Илинден до улица Скупи,<br>- реконструкција на тротоари, велопатеки и разделно странично зеленило,<br>- должина 980 метри. |
| Булевар Видое Смилевски Бато, општина Аеродром | - обнова на коловозот,<br>- од булевар Србија до булевар Февруарски поход,<br>- должина од околу 700 метри. |
| Улица Васил Ѓоргов, во Капиштец | - реконструкција на коловозот,<br>- од улица Франклин Рузвелт до булевар Мајка Тереза,<br>- должина околу 1.000 метри,<br>- реконструкција на дел од тротоарите. |
| Улица Никола Карев, во центар | - обнова на коловозот,<br>- простор за велосипедистите на коловозот,<br>- од крстосница со булевар Кузман Јосифовски Питу до крстосница со булевар Трета македонска бригада,<br>- тротоари од двете страни,<br>- должина 510 метри. |
| Улица Лазар Личеноски, кај Кале | - реконструкција на коловозот,<br>- од СРЦ „Кале“ до булевар Никола Карев,<br>- должина 1.300 метри,<br>- реконструкција/проширување на тротоари. |
| Улица Востаничка, општина Кисела Вода | - обнова на коловозот,<br>- од улица Црниче до улица Свети Наум Охридски,<br>- должина 1.100 метри,<br>- обнова на тротоари,<br>- поставена е нова водоводна мрежа и 76 нови приклучоци. |
| Улица Никола Парапунов, општина Карпош | - реконструкција на коловозот,<br>- од булевар Илинден до булевар Партизански одреди,<br>- должина околу 580 метри,<br>- нова, двонасочна велопатека. |
| Улица 11 Октомври, во центарот | - обнова на коловозот,<br>- од булевар Кочо Рацин до улица Стив Наумов,<br>- должина 250 метри,<br>- обнова на пешачки/велопатеки,<br>- ново странично булеварско зеленило, од двете страни. |
| Улица Благоја Стефковски, општина Гази Баба | - реконструкција на коловозот,<br>- од свртувањето кон улицата Перо Наков до железничкиот надвозник,<br>- реконструкција/проширување на пешачко-велосипедска патека, од едната страна,<br>- должина околу 1.700 метри. |
| Улица Џон Кенеди, општина Чаир | - обнова на коловозот,<br>- од улица Македонско-косовска бригада до булевар Христијан Тодоровски Карпош,<br>- должина 1.123 метри,<br>- реконструирани велопатеки. |
| Улица Боца Иванова, општина Бутел | - реконструкција на коловозот,<br>- од кружниот тек до улицата Лазар Трповски,<br>- должина 800 метри. |
| Улица Есенинова, се пробива и ќе ги поврзе булеварите Борис Трајковски и Трета македонска бригада | - должина 730 метри,<br>- со две ленти низ Кисела Вода и 4 ленти пред влезот во Трета македонска бригада,<br>- тротоари од двете страни,<br>- осветлување со 20 столбови. |
| Улица Македонско-косовска бригада, општина Чаир, во тек | - реконструкција на коловозот,<br>- од булевар Никола Карев до улица Втора македонска бригада,<br>- должина 1.700 метри,<br>- реконструкција на тротоари,<br>- на дел, нова атмосферска и фекална канализација и водоводна мрежа. |
| Улица Лазар Трповски, во тек- реконструкција на коловозот, | - од улица Боца Иванова, покрај гробишта „Бутел“, до улица Александар Урдаревски,<br>- обнова/изградба на тротоари,<br>- должина 1.400 метри. |

# СКОПЈЕ СЕ МЕНУВА

Скопје во изминативе три години добива нов лик, се градат мостови, улици и булевари, се формираат нови велосипедски патеки и тротоари со дрвореди и зеленило, се развива одржливата урбана мобилност за да се овозможи безбеден и ефикасен сообраќај. Се потсетуваме на неколку впечатливи промени во градот:



Булеварот 8.Септември



Улицата 11 Октомври



Кружниот тек во Чаир



Улицата Никола Карев



Булеварот АСНОМ



Булеварот Партизански одреди

ОДЛУКА ЗА ПРЕИМЕНУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ

# ГРАД СКОПЈЕ ГИ ВРАЌА ИМИЊАТА НА ЛЕНИНОВА, ЖЕЛЕЗНИЧКА, МЕКСИЧКА И 4. ЈУЛИ

Имињата Ленинова, Железничка, Мексичка, Каирска, Стив Наумов, Салвадор Аљенде и 4.Јули повторно се враќаат на скопските улици, како што раметат Скопје и граѓаните во својата колективна меморија. Со одлука на Советот на Град Скопје донесена на 30 март беа именувани 485 улици и 8 мостови, плоштади и други инфраструктурни објекти во нашиот град. Најголем дел од овие улици досега биле именувани со број или како краци на други поголеми улици. Со усвојувањето на оваа одлука од Советот, овие улици ќе добијат нови имиња.

Новите имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Град Скопје, согласно со Законот за определување имињата на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, предвидено е да се црпат од Регистарот на имиња што неодамна беше дополнет од Советот со листа од нови 570 имиња, по претходно добиената согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Многу улици добија имиња по личности коишто оставија белег во македонската и светската историја, наука и култура - Блаже Конески, Славко Јаневски, Горан Стефановски, Благоја Георгиевски–Буштур, Енвер Малиќи и многу други. Најголем дел од предлозите за нови имиња на улиците се предлози со кои ќе се именуваат краците на улиците Тодор Чангов, Ѓорѓи Капчев, Христо Татарчев, Бутелска, Скупи, Јуриј Гагарин, Козле, Алексо Демниевски и други.

Со оваа одлука ќе бидат вратени и дел од старите имиња на улиците што беа променети во текот на 2012 година. Се враќаат имињата на улиците Ленинова, Железничка, Мексичка, Каирска, Стив Наумов, Салвадор Аљенде, 4. Јули, 29. Ноември, Бихаќа,










Владимир Комаров, Руди Чајавец, Жарко Зрењанин, Драчевска, Ратко Митровиќ и други. Мостот „Тодор Александров“ (популарно наречен мост Близнак) ќе биде преименуван во Мост „Накие Бајрам и Роса Плавева“, мостот „Слобода“ (кај „Холидеј ин“) ќе се вика мост „Вера Ацева“, а новиот мост на булеварот АСНОМ ќе се вика „Генерал Михајло Апостолски“.

Улицата пред Градскиот стадион ќе се вика Столтенбергова, според угледниот норвешки дипломат и висок функционер на Обединетите нации, Торвалд Столтенберг којшто даде голем придонес во обновата на градот по катастрофалниот земјотрес во 1963 година. Булеварот ВМРО ќе добие ново име и ќе се вика Блаже Конески, улицата Стив Наумов (поранешна Ленинградска) ќе се вика Славко Јаневски, улицата Адолф Циборовски ќе се вика Горан Стефановски, а улицата 1523 во Кисела Вода ќе се вика Благоја Георгиевски – Буштур. Пешачкиот мост кај зградата на Владата ќе го добие името по неодамна починатиот заменик-градоначалник на Скопје, Енвер Малиќи.

При изборот на нови имиња земени се предвид етничките, културните и социјалните специфики на локалното население коешто живее на тие улици. Така, новиот булевар кој е предвидено да биде изграден од скопската обиколница до булеварот Словенија, а поминува низ Визбегово, ќе се вика Хасан Приштина. Во таа насока, во редот на новите имиња на улици ќе се најдат и Беким Фехмиу, Ибрахим Ругова, Адем Демачи и Мајка Тереза.

Во пресрет на седницата на Советот на 30 март, Градот Скопје доби поддршка за именувањето улици во централното градско подрачје со имињата на великаните Блаже Конески и Славко Јаневски, од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и од Фондацијата „Славко Јаневски“.

**ИНВЕСТИРАМЕ ВО ЈАВНАТА ЧИСТОТА**

# ГРАДСКИТЕ ТРОТОАРИ И ВЕЛОПАТЕКИ СЕ ЧИСТАТ СО НОВИ МАШИНИ




Хигиената на тротоарите и велопатеките по должината на градските улици и булевари од пред два месеца ја одржуваат десет нови машини. Новите машини кои ги набави ЈП „Комунална хигиена“ се распоредени во сите скопски општини.

- Ова се првите 10 од вкупно 47 комунални возила што ќе бидат набавени оваа година. Станува збор за 10 метларки за одржување на хигиената на јавните површини - сообраќајници, велосипедски патеки и тротоари. Знаете дека во 2019 година почнавме со нов концепт за третман на комуналниот отпад, тогаш беше набавена сериозна механизација, ова сега е втора фаза, а во третата фаза пролетва ќе пристигнат преостанатите 37 возила. Со тоа, ги подобруваме перформансите на јавното претпријатие „Комунална хигиена“ и го намалуваме материјалниот трошок за неговото работење. Покрај контејнерите и кантите за џебен отпад што ги поставивме во изминативе две години ова ќе помогне да имаме целосно поинаков концепт на третман на јавните површини – објаснува градоначалникот Петре Шилегов.

## 60 НОВИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ОДЛАГАЊЕ СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА

Градот Скопје, ГИЗ и ЈП „Комунална хигиена“ на 16.03.2021 година потпишаа договор за нови 60 контејнери за депонирање отпад од стаклено пакување, што Град Скопје ги доби како донација во рамките на регионалниот проект „Управување со стаклена амбалажа на Западен Балкан“. Градот Скопје е една од шесте единици на локална самоуправа опфатени со овој проект во нашата држава, покрај Битола, Гевгелија, Илинден, Штип и Тетово, и е еден од 14-те градови и општини од трите земји учеснички во овој проект - Северна Македонија, Србија и Босна и Херцеговина.




## СЕ ЧИСТИ ДЕПОНИЈАТА ВО ВИЗБЕГОВО



Големата акција за расчистување на дивата депонија во Визбегово е во тек. Депонијата се протега на површина од 10 хектари (околу 10 фудбалски игралишта) и од неа ќе бидат расчистени околу 50.000 кубни метри шут и комунален отпад. Ова сметиште претставува повеќедецениски еколошки проблем за Скопје, а особено за жителите на околните општини Шуто Оризари, Бутел и Чучер Сандево.

Во текот на изминатава година Градот Скопје расчисти три големи диви депонии, во Мичурин, во Кисела Вода и во Ѓорче Петров. На местото на расчистените депонии во Мичурин и во Кисела Вода беа уредени зелени паркови.

**ПРЕТСТАВЕН ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА**

# УНИВЕРЗАЛНАТА САЛА ЌЕ ГО ЗАДРЖИ АВТЕНТИЧНИОТ ИЗГЛЕД

Градот Скопје и Владата на Република Северна Македонија на 1 март го промовираа изведбениот проект за реконструкција на Универзалната сала, изработен од архитектот Бујар Муча. Овој култен објект ќе биде реконструиран во постојниот облик и габарит, задржувајќи го својот автентичен изглед како симбол на обновата на постземјотресно Скопје.

- Идејата Универзална сала да ја сочуваме во постојната форма, на постојната локација, дојде по опсежна и отворена дебата и недвосмислено изразување на волјата на јавноста. Ова не значи дека се откажуваме од идејата за нова концертна сала во Скопје, но нашиот приоритет е да ја отвориме



ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ОКОЛНИОТ ПРОСТОР

Универзална во нејзиниот полн капацитет уште во текот на оваа година. Изградбата на Универзална ќе биде и голем придонес за „Скопје – Европска престолнина на културата во 2028“. Град Скопје како институција игра голема улога во културниот живот во Република Северна Македонија и во нашиот град и убеден сум дека овие чекори што ги преземаме заедно со Владата ќе бидат добар пример како се поддржува културата. Универзална беше, Универзална останува дом на скопската радост, а нашата поинаква приказна во културата останува и понатаму инспирација за создавање нова уметност на задоволство на сите граѓани – рече градоначалникот Петре Шилегов, на презентацијата на проектот.






КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВНАТРЕШНОТО УРЕДУВАЊЕ

НОВА АКУСТИКА, НОВИ КАНЦЕЛАРИИ, ТОАЛЕТИ, БИНА, ТЕРАСИ, СТОЛИЦИ, МЕБЕЛ

За реализација на овој проект, што е од огромно значење за скопската и македонската култура и традиција, Владата на Република Северна Македонија одвои 120 милиони денари, средства од Буџетот на РСМ.

Архитектот Бујар Муча од проектантското биро „Мегарон инженеринг“ пред присутните објасни дека проектот го поделиле на две фази – едната фаза е изработка на фасадата и на куполата, а во втората фаза ќе предложат решение за функционалноста на објектот, за сценската технологија и за седиштата.

# КЕЈОТ ПРЕРАСНУВА ВО ШИРОКО ШЕТАЛИШТЕ СО МНОГУ ЗЕЛЕНИЛО

Партерното уредување на кејот „13 Ноември“, на потегот од градскиот плоштад до улицата Стив Наумов, е во тек. Се уредува површина од околу 12.500 квадратни метри на која ќе се креира доволно простор за сите корисници – за граѓаните коишто го користат за прошетки, одмор и за релаксација, но и за бизнисите што во најголем дел се угостителски објекти.








-Овој проект е во вредност од 88,6 милиони денари со вклучен ДДВ, средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје. Тука предвидуваме целосно ново поплочување, патека за лицата со инвалидитет, високо зеленило – дрворед, поставување клупи, смарт клупи, корпи за цебен отпад, нови жардиниери за дрворедот, канделабри, рефлектори за осветлување и нови бетонски и електрични столбови заради реализација на забраната за паркирање и движење по кејот „13 Ноември“. Ослободуваме повеќе место за велосипедистите и пешаците преку целосно спречување на можноста за нелегално паркирање на овој простор и сериозно ограничување на протокот на возила, имајќи предвид дека Градот има обврска кон Телеком. Оваа сервисна улица ќе може да ја користат ограничен број возила, во ограничени временски интервали – објаснува градоначалникот Петре Шилегов.

Тој додава дека терасите коишто ќе ги користат угостителските објекти ќе бидат унифицирани и поставени на начин што ќе овозможи да дојде до израз прекрасниот двоен дрворед од повеќегодишни развиени дрвја.

-Дотурот на роба ќе се овозможи исклучиво во одредени часови преку Градскиот трговски центар, а со велосипеди преку кејот. Со тоа, конечно ставаме ред на овој простор, го спречуваме самоволието и хаосот од непрописно паркирани возила што последните десетина години го правеше небезбедно движењето на пешаците, но и работењето на угостителските објекти – вели Шилегов.

# НОВ ПАМПТРАК ВО ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ГРАДСКИОТ ПАРК



Вљубениците во велосипедизмот, ролерите и скејтбордите можат да го користат новиот памптрак полигон во вториот дел од Градскиот парк, во непосредна близина на просториите на ЈП „Паркови и зеленило" и Сточарскиот институт. Ова е втор памптрак изграден во Скопје, првата ваква адреналинска патека беше оформена на просторот пред Олимпискиот базен во 2019 година.

Новиот памптрак полигон зафаќа површина од над 700 квадратни метри и е наменет за деца и возрасни од различни возрасти. Овој проект е изработен во соработка со долгогодишниот партнер на Градот Скопје во развојот на велосипедизмот и алтернативниот начин на движење – Стопанска банка АД Скопје. Градот Скопје преку своите јавни претпријатија се погрижи овој простор да добие соодветно осветлување, хортикултурно уредување и фонтана за вода. Овој дел за да биде попристапен за граѓаните целосно беше реконструиран и големиот паркинг што е во непосредна близина.

# ОТВОРЕН ПРВИОТ ВЕЛОШТАД



Првиот ВЕЛОШТАД - плоштад за велосипеди во Скопје минатата есен беше отворен на просторот кај Железничката станица, локација којашто заедно со Скопје Лаб ја избраа токму велосипедистите. На велоштадот има држачи за безбеден паркинг на велосипеди и сервисна станица за велосипеди, гардеробер за брзо пресоблекување, кабини за долготрајно паркирање на велосипедите, фонтана за вода за пиење и урбана опрема. Муралот на ѕидот е изработен со целосна поддршка на Канцеларијата на делегацијата на ЕУ во нашата земја, а за сервисната станица се погрижи Стопанска банка.

Велоштадот е реализација на идејата за мултимодалност во велосипедските политики со кои се нуди можност безбедно да се паркираат велосипедите кај Транспортниот центар за патувањето да се продолжи со воз, меѓуградски автобус или со некој од градските и приградските автобуси на ЈСП.



# ОСЛОБОДЕНА ВЕЛОПАТЕКАТА НА КЕЈОТ

Велосипедската патека на кејот на Вардар, кај зградата на Македонскиот народен театар, што речиси 8 години не беше проодна поради градежните работи и натрупаниот градежен материјал за изградбата на „Панорамското тркало", е пробиена и реконструирана. Граѓаните сега можат непречено да ја користат и оваа велосипедска патека во своето движење.

# ПРВА НАГОРНА ВЕЛОПАТЕКА НА ВОДНО



Скопје минатата есен ја доби својата прва нагорна планинска велопатека, која е дел од проектот „Велосипедски парк Водно". Новата нагорна пионерска велосипедска патека е долга 3.432 метра и се протега од полициската станица се до Средно Водно. Направена е согласно со сите стандарди, а наменета е исклучиво за движење во еден правец - нагоре. Проектот за уредување на оваа планинска велопатека, Град Скопје го реализираше во соработка со Советот за регионална соработка (Regional Cooperation Council), Европската комисија и Иницијатива за европска перспектива (ИЕП), како и со надворешните поддржувачи МАМБА – Македонска асоцијација за планински велосипедизам и Федерацијата на планински спортови на Македонија.

# ПРВ ЦРВЕН ДРВОРЕД ВО СКОПЈЕ НА БУЛЕВАРОТ 8.СЕПТЕМВРИ

Дрворед со околу 100 листопадни дрвја и 1.100 нискостеблести растенија со црвени листови е засаден по должината на булеварот 8.Септември, во есенската акција на Град Скопје за раззеленување на јавните површини.

- Ова е најдолгиот дрворед што го засадивме минатата година, овде на булеварот 8.Септември, чијашто реконструкција се одвиваше и заврши минатата есен. Станува збор за дрворед од над 100 листопадни дрвја и над 1.100 нискостеблести садници од 11 различни видови коишто во различни периоди од годината имаат црвени листови. Ова се новите стандарди




кои интензивно ги воспоставуваме во нашиот град - одвоени пешачки и велосипедски патеки со зеленило меѓу нив. Тоа се сериозно видливи промени кои се случуваат на територијата на нашиот град, тоа се стандардите за кои јас се залагам и кои чекор по чекор стануваат секојдневие кај нас – вели градоначалникот Петре Шилегов.

Градот Скопје ги потсетува родителите коишто имаат новороденчиња, да ја искористат можноста што им ја нуди проектот„Да растеме заедно", да се пријават и да добијат дрво кое ќе го носи името на нивното новороденче.

## НОВО ЗЕЛЕНИЛО ВО ЧАИР

Новиот кружен тек на улицата Кемал Сејфула во Чаир е раззеленет со 300 садници, а на улицата Втора македонска бригада е подигнат нов дрворед со над 200 висококвалитетни дрвја. Раззеленувањето на овие две локации беше дел од есенската акција на Град Скопје за засадување нови дрвја што се одвиваше низ цело Скопје, а во која беа засадени над 15.000 висококвалитетни садници што веднаш се вклучија во екосистемот на нашиот град.





# АВАНТУРИСТИ ОД ЗООЛОШКАТА

Нови животни, нови живеалишта, се побројни посетители. Зоолошката градина во Скопје е вистински магнет за граѓаните и омилено катче за семејни прошетки. Топлото време што е пред нас гарантира одлична забава во скопската Зоолошка, а ние ве запознаваме со некои од нејзините најатрактивни и најфотографирани жители.

За првпат, ЗОО Скопје е дом на пингвини. Првите три пингвини од видот хамболт пристигнаа од Италија во декември, а потекнуваат од топлите краишта на Јужна Америка. Нивното живеалиште е изградено со финансиска поддршка од Град Скопје. Направено е по светски стандарди и е едно од најубавите и најсовремените во регионот. Надворешниот дел се отвора во мај, заедно со пристигнувањето на уште една група пингвини од Русија. Првите три пингвини, Скипер, Прајвет и Ковалски, коишто се на возраст од седум години, имињата ги добија по желба на посетителите чијашто инспирација беа анимираните ликови од филмот „Пингвините од Мадагаскар".

Први соседи на Скипер, Прајвет и Ковалски се фламингата од видот големо розево фламинго. Тие во Скопје ЗОО пристигнаа во јуни, минатата година. Поради нивната специјална исхрана составена од планктони, ракчиња и алги, веќе ја добиваат препознатливата розова боја, а нивната пигментација со текот на годините ќе станува поинтензивна. Од мај, фламингата повторно ќе бидат надвор, во нивната лагуна и зелена оаза.

Најомиленото катче на најмладите е Бејби ЗОО - мини зоолошката која се отвори минатата година. Во Бејби ЗОО посетителите имаат можност да хранат и погалат животни и одблиску да се запознаат со чувањето домашен миленик. Таму, најмалите учат за емпатија и љубов кон животните. Имаат можност да запознаат верверички, африкански желки, виетнамски мини прасиња, морски прасиња, папагали, зајачиња и џуџести кози. Секако, најомилени жители во Бејби ЗОО се алпаките Фелиција, Кенди и Бренди, коишто најмногу уживаат да позираат пред фотоапаратите.

Медицинскиот тренинг на морските лавови со години е најомилен дел од посетата на Скопје ЗОО. Секојдневно (освен во петок), во 11, 14 и во 16 часот, ЗОО негувателите ги хранат Кан и Гете, а публиката за тоа време добива и важни информации за животот на мор-











ските лавови. Вработените, освен хранењето и бакнувањето со Кан и со Гете, тоа време го користат и да одговорат на сите прашања на најљубопитните посетители. Иако имаат голема возрасна разлика, Кан и Гете одлично се сложуваат, а веќе учат и нови трикови со топка, кои се важни за медицински преглед, а се возбудливи за посетителите.

Зоолошката градина работи секој ден од 9 до 18 часот, а од јуни до 19 часот.













# ТАЈНИ НА ГРАДСКИОТ ПАРК

Во ова издание ги истражуваме култните вредности кои несебично ни ги открива Градскиот парк, а кои се дополнителен мотив за време на нашите прошетки да се навратиме на неговата богата историја. Градскиот парк е најголем парк во земјава. Кога бил најпространан, покривал површина од 114 хектари. По поплавата во 1962 година и сместувањето на шаторите по земјотресот во 1963-та, паркот бил целосно обновен. Зоолошката градина и други делови биле и физички одвоени од него, биле уредени над 20 хектари за да стане вистински градски парк наместо парк – шума, а биле насадени и над 10.000 нови дрвја и грмушки. Денес има површина од 486.000 квадратни метри.

1.Дали некогаш сте го забележале **шаховското поле** во вториот дел на паркот, кај третото езеро? Ваквите инсталации некогаш биле многу популарни и ги имало во речиси секој парк. Денес, остатоци има само во градскиот и во паркот „Жена борец".

2.Просторот околу Езерцето секогаш бил многу популарен, не само затоа што таму бил ресторанот и забавните содржини за деца, туку од таму тргало и п**ионерското вовче.** Воведено во 1948 година, со ова вовче управувале пионери, а преку железничкиот мост стигало се до Сарај. Било во функција се до 1972 година. Карактеристично за ова вовче е што се движело толку бавно што патниците можеле да се качат и симнат без возот да запре.

3.Низ првиот дел на паркот може да се забележат **неколку скулптури** кои биле дел од изложбата „Парковски скулптури", организирана од Друштвото на ликовни уметници на Македонија, а отворена на 23.08.1966 година. Овие скулптури останале на истите локации на коишто биле поставени. Станува збор за Јордан Грабуловски - Грабул, Мајчинство, бетон, 1966; Димо Тодоровски, Гроздоберка, бетон, 1968; Јордан Грабуловски - Грабул, Торзо, бетон, 1966 и Јордан Грабуловски - Грабул, Скулптура, Изградба, 1966/7.

4.На крајот на паркот, на самиот влез во Сточарскиот институт, од левата страна, може да ја видите **3Д мапата** на нашата земја. Станува збор за релјефна, камена мапа што е толку веродостојна што ако истурите вода на неа, таа ќе се слее и ќе истече како по вистинските теченија.

5.Уште од самиот почеток паркот имал управител, па во периодот меѓу 1923 и 1928 година била направена куќа за него, во швајцарски стил. До куќата се наоѓала стаклена градина од 200 м$^2$, за расад на цвеќињата во паркот. Помошните објекти: магацинот и столарската работилница, биле веднаш до нив. Денес, оригиналната **куќа на управителот** може да ја видите зад главната капија на Град Скопје.

6.Почетоците на Градскиот парк датираат уште во 1905 година, кога во непосредна близина на гимназијата Идадија - Мектеби бил подигнат и паркот кој го наследил името „Идадија". Насадени биле и првите дрвја, кои ја исцртувале границата на паркот. И денес може да ги видите **пирамидалните тополи,** во непосредна близина на некогашниот ресторан „Кермес".

7.Иако сите ја знаеме најголемата фонтана на плочникот, таа не била првата фонтана во паркот. **Оригиналната „Фонтана"** била изградена околу 1923 година, а по комплетната реставрација таа го задржала својот оригинален изглед. Таа се уште се наоѓа наспроти влезот на Град Скопје. Од времето кога е градена, на ова место се уште се наоѓаат и неколку стари канделабри.



Куќата на управителот


3Д мапата на нашата земја


Шаховското поле


Првата фонтана

ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА „ЛАЈКА“

# ВРЕМЕ Е ЧОВЕКОТ ДА МУ ВРАТИ НА СВОЈОТ НАЈДОБАР ПРИЈАТЕЛ

Од своето отворање во октомври 2020 година до денес, прифатилиштето на ЈП „Лајка“ во Вардариште прерасна во многу важна алка во системот за хуман третман на уличните кучиња. „Лајка“ е многу повеќе од стационар, тоа е место каде што се даваат различни услуги - вакцинација, чипирање, стерилизација, посвојување и социјализација. Тука е и специјално изградениот Парк за интеракција, преку кој кучињата коишто биле жртви на траума низ игра и забава стекнуваат навики за ресоцијализација. Во едукативниот центар, пак, најмладите можат да добијат соодветна едукација и можност за вдомување на некое од кучињата стационирани во „Лајка“.

- „Лајка“ не е само објект, тоа е еден сосема поинаков концепт во третманот на бездомните животни. Градот Скопје е меѓу ретките градови, единствен во регионот, кој заради посветеноста на овој проблем има сопствено јавно претпријатие во коешто работат обучени луѓе. Капацитетот на објектот е околу 100 кучиња, станува збор за убедливо најдобрите стандарди што се пропишуваат во оваа област. Секој од кафезите, односно целиот објект е со подно греење со цел на животните да им обезбедиме комоција, секој дел е засебен. Може да се видат амбулантата, операционите сали, собата за интензивна нега, собата за постоперативен третман и карантинскиот дел – вели градоначалникот Петре Шилегов.

Тој додава дека „Лајка“ е многу повеќе од обичен стационар, тој ќе значи дом за сите кучиња кои по игра на судбината немаат друг дом.

- Во блиска иднина „Лајка“ ќе значи и помал број кучиња на улиците што ќе води речиси до нула каснувања за луѓето. Новиот концепт за третман на кучињата значи и воспоставување систем на контрола на нивната популација која ќе подразбира вклучување на повеќе општествени чинители. Популацијата на бездомни улични кучиња не може успешно да се контролира само со нивно заловување и сместување во стационар додека не им се најде нов дом. Новиот концепт ќе подразбира чипирање на овие кучиња, но и систем на контрола на чипирањето на домашните миленици и зголемување на бројот на санкциите за неодговорните сопственици заради коишто најчесто овие животни завршуваат на улица – нагласува Шилегов.




„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ваљон Салиху

РЕДАКЦИЈА
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

ЛЕКТОР Лидија Антоновска

e-mail: gragjani@skopje.gov.mk

телефон: 3 297 255

Facebook: Град Скопје

Twitter: @CityofSkopje

Instagram: @gradskopje.oficijalna

ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
Булевар Илинден 82
www.skopje.gov.mk

Дизајн и печат
Печатница „Серафимовски“ Скопје





## ВДОМЕТЕ КУЧЕ, ВДОМЕТЕ ЉУБОВ!

Сите вљубеници во животните коишто сакаат да вдомат куче може да се обратат во прифатилиштето на ЈП „Лајка“. Граѓаните треба да пополнат прашалник за вдомување, по што ќе разговараат со стручно лице вработено во прифатилиштето за да се процени дали и колку вдомувачите се соодветни и би биле одговорни сопственици. Ако се покаже дека вдомувачот е соодветен, тој ќе оствари контакт со кучето коешто сака да го вдоми минимум два пати. Вработени од прифатилиштето на ЈП „Лајка“ ќе имаат обврска да го посетат вдомувачот, за да се утврди дали тој го чува кучето соодветно и во согласност со Законот за благосостојба на животните.

Заинтересираните вдомувачи може да се обратат на vdomi@lajka.com.mk или на телефонскиот број 02/2565-859.



## ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ ЗА ВОЛОНТЕРИ

Прифатилиштето на ЈП „Лајка“ организира отворени денови за младите волонтери. Волонтирањето придонесува за унапредување на благосостојбата на кучињата во прифатилиштето. Заинтересираните волонтери може да се пријавуваат на volontiraj@lajka.com.mk


УЛИЧНАТА УМЕТНОСТ
НА СКОПЈЕ
DON'T BE CHEESY
DREADREN
# DREADREN